# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 12/2018 Пробиштип 13.07.2018 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.12 одржана на ден 12.07.2018 година и други акти, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01. до 30.06.2018 бр. 26-657/3
2. Согласност на Одлука за утврдување на тарифи за снабдување со вода за пиење и собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП Никола Карев Пробиштип за регулиран период 2018-2020 година бр. 26-657/4
3. Согласност на ООУ Браќа Миладиновци за формирање на паралелки со помал број на ученици во учебната 2018/2019 бр. 26-657/5
4. Согласност на ООУ Никола Карев за формирање на паралелки со помал број на ученици во учебната 2018/2019 бр. 26-657/6
5. Согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУ ДГ Гоце Делчев Пробиштип бр. 26-657/7
6. Одлука за исплата на средства за локални избори на ВМРО-ДПМНЕ бр. 26-657/8
7. Решение за именување на член во Управниот Одбор на ЈОУДГ„Гоце Делчев„ од Пробишти бр. 26-657/9
8. Одлука за утврдување надоместок за издавање простор и издавање на тезги по повод одржување на манифестацијата „Probistip summer festival 2018“бр. 26-657/10
9. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Пробиштип за време на одржување на Манифестацијата „Probistip summer festival 2018„ бр. 26-657/11

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-592/18
21.06.2018година
Пробиштип

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 61/2004; 96/2004; 67/2007; 156/2009; 47/2011 и 192/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.07.2018 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**

**За усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година**

Член 1

Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година.

Член 2

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што следува во дадените прилози.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-657/3
12.07.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 а во врска со член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр. 5/2002), и член 11 став 1 точка 5 од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016 и 64/2018) Советот на општина Пробиштип расправајки по Барањето согласност на Одлуката за утврдување на тарифи за снабдување со вода за пиење и собирање и одведување на урбани отпадни води на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип за регулиран период 2018-2020 на седницата одржана на ден 12.07.2018 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за давање СОГЛАСНОСТ на Одлуката за утврдување на тарифи за снабдување со вода за пиење и собирање и одведување на урбани отпадни води на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип за регулиран период 2018-2020 година**

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за утврдување на тарифи за снабдување со вода за пиење и собирање и одведување на урбани отпадни води на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип за регулиран период 2018-2020 бр. 02-688/1 од 07.07.2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Одлуката за утврдување на тарифи за снабдување со вода за пиење и собирање и одведување на урбани отпадни води на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип за регулиран период 2018-2020 бр. 02-688/1 од 07.07.2018 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-657/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.07.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 41 став 5 и 6 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.07.2018 година, постапувајќи по барањето поднесено од ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип бр. 03-378/1 од 04.07.2018 година (наш бр.26-651/1 од 04.07.2018 година), ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2018/2019 година**

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за формирање на паралелки со помалку од 24 ученици во учебната 2018/2019 година и тоа во:

ООУ „Браќа Миладиновци“ – Пробиштип:

- Прво одделение-2 паралелки со 40 ученици (Ia-20, Iб-20 ученици),
- Второ одделение-2 паралелки со 33 ученици (IIa-17, IIб- 16 ученици),
- Трето одделение-2 паралелки со 43 ученици (IIIa-21, IIIб-22 ученици),
- Четврто одделение-2 паралелки со 46 ученици (IVa-23 и IVб-23 ученици).
- Пето одделение-1 паралелка со 23 ученици (Va-23 ученици),
- Шесто одделние-3 паралелки со 48 ученици (VIa-16, VIб-16, VIв-16 ученици),
- Седмо одделние-3 паралелки со 50 ученици (VIIa-18, VIIб-17, VIIв-15 ученици),
- Осмо одделние-2 паралелки со 38 ученици (VIIIa-18, VIIIб-20 ученици,)
- Девето одделение-3 паралелки со 64 ученици (IXa-22, IXб-21 и IXв-21 ученик).

ПУ Злетово

- Прво одделение-1 паралелка со 15 ученици ,
- Второ одделение-1 паралелка со 13 ученици ,
- Трето одделение-1 паралелка со 23 ученици,
- Четврто одделение-1 паралелка со 20 ученици,
- Петто одделение-1 паралелка со 21 ученици ,
- Шесто одделние-1 паралелка со 19 ученици ,
- Седмо одделние-2 паралелки со 25 ученици (VII1-13, VII2-12 ученици),
- Осмо одделение-2 паралелки со 31 ученици (VIII1-16, VIII2-15 ученици).
- Девето одделение-1 паралелка со 22 ученици

ПУ нас.Пробиштип

- Прво одделение-1 паралелка со 8 ученици,
- Второ одделение-1 паралелка со 20 ученици,
- Трето одделение-1 паралелка со 7 ученици,
- Четврто одделение-1 паралелка со 16 ученици,
- Петто одделение-1 паралелека со 12 ученици.

ПУ с.Ратавица

- 1 (една) комбинирана паралелка од прво до трето одделение со 6 ученици,
- 1 (една) комбинирана паралелка од четврто до петто одделение со 2 ученик.

ПУ с.Добрево

- 1 (една) комбинирана паралелка од прво до трето одделение со 2 ученици.

Член 2

Одлуката стапува на сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-657/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.07.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 41 став 5 и 6 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.07.2017 година, постапувајќи по барањето поднесено од ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип бр. 03-426/1 од 03.07.2017 година (наш бр.26-652/1 од 04.07.2018 година), ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2018/2019 година**

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за формирање на паралелки со помалку од 24 ученици во учебната 2018/2019 година и тоа во:

ООУ Никола Карев -Пробиштип :

- Второ одделение-2 паралелки со 44 ученици (IIа-22, IIб- 22 ученици),
- Четврто одделение-2 паралелки со 47 ученици (IVа-24 и IVб-23 ученици).
- Петто одделение-2 паралелка со 33 ученици(Vа-19 ученици и Vб-14 ученици),
- Шесто одделние-3 паралелки со 53 ученици (VIа-18, VIб-18, VIв-17 ученици),
- Седмо одделние-2 паралелки со 46 ученици (VIIа-23 и VIIб-23 ученици),
- Осмо одделение-3 паралелки со 47 ученици (VIIIа-16,VIIIб-16 ученици и VIIIб-15 ученици )
- Деветo одделение-3 паралелки со 46 ученици (IXа-16, IXб-15 и IXв-16 ученик).

ПУ с. Стрмош:

- 1 (една) комбинирана паралелка од прво до трето одделение со 3 ученици,
- 1 (една) паралелка во петто одделение со 5 ученици.

Член 2

Одлуката стапува на сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-657/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
12.07.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 27 од Стаутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005 ), а во врска со член 116 став 1 алинеја 8 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017 и 21/2018), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.03.2014година, расправајќи по Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа Детска градинка,, Гоце Делчев,, Пробиштип бр.01-171/1 од 25.06.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа Детска градинка,, Гоце Делчев,, Пробиштип**

Член 1

Се дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа Детска градинка,, Гоце Делчев,, Пробиштип бр.01-171/1 од 25.06.2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа Детска градинка„ Гоце Делчев„ Пробиштип бр.01-171/1 од 25.06.2018 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-657/7
12.07.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14 и 29/15), и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 86 став 3 од Изборниот законик Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 67/2017, 125/2017, 35/2018 и 99/2018) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.07.2018 година, расправајќи по финансискиот извештај за локалните избори 2017 година од Коалицијата за локални избори 2017 предводена од ВМРО-ДПМНЕ, ја денесе следната:

**ОДЛУКА**
**За надоместок на трошоците за локалните избори 2017 година за Коалицијата за локални избори 2017 предводена од ВМРО-ДПМНЕ**

1. На Коалицијата за локални избори 2017 предводена од ВМРО-ДПМНЕ се исплаќа надомест на трошоците за локални избори 2017 година во висина од 15 денари по добиен глас за Градоначалник и 15 денари по добиен глас за членови во Совет на Општина Пробиштип, врз основа на извештајот од Државната изборна Комисија за спроведените избори.
2. Надоместокот во висина од 119.505 денари (3617 гласа за членови на Совет и 4350 гласа за Градоначалник) да се исплатат на сметка на Коалицијата за локални избори 2017 предводена од ВМРО-ДПМНЕ бр. 210 072304780162 во НЛБ банка АД Скопје.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-657/8
12.07.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 28 од Стаутот на општина ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15), а во врска со член 114 став 8 и 16 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017 и 21/2018), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.07.2018 година, а по го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За именување на член во Управниот Одбор на ЈОУДГ„Гоце Делчев„ од Пробиштип**

1. Во Управниот Одбор на Јавната општинска установа детска градинка „Гоце Делчев" од Пробиштип како претставник од редот на вработените во установата се именува:

- Љубинка Радевска

2. Мандатот на именуваната ќе изнесува 4 (четири) години.
3. Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-657/9
12.07.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15), а во врска со одржување на манифестацијата „Probistip summer festival 2018", на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.07.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За утврдување надоместок за издавање простор и издавање на тезги по повод одржување на манифестацијата „Probistip summer festival 2018"**

Член 1

Согласно Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2018 година бр.26-592/13 од 01.12.2017 година (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.3/2017) се утврдува дека манифестацијата „Probistip summer festival 2018" ќе се одржи во деновите 27 и 28 Јули 2018 година на локацијата на Градскиот пазар во Пробиштип.

Член 2

За одржување на оваа манифестација од страна на општина Пробиштип предвидени се 9 локации за поставување на угостителска опрема секоја во површина до најмногу 150 $м^2$. Ќе се изнајмуваат и тезги кои веќе се поставени во пазарот за продажба на сувенири, рачни ракотворби, грицки, крофни, а на истите се забранува продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци и храна.

Член 3

Цените за закуп на локациите за угостителска опрема ќе изнесуват 30.000,00 денари (со тоа што, закупецот за оваа цена освен на summer festivalot, ќе има обезбедено локација на градскиот плоштад на настанот на 27 август 2018 година), а цената за закуп на тезга ќе изнесува 1.000,оо денари за трите дена (за секои 2м2 површина). Во цената ќе бидат вкалкулирани трошоците за струја и за закуп на простор.

Член 4

Начин на издавање на локации и тезгите: По пат на лицитација ќе бидат распоредени локациите. Странките се обврзуваат да склучат договор со кој поблиску ќе ги уредат меѓусебните права и обврски.

Член 5

Средствата собрани од издавање на локации и тезги за време на одржувањето на манифестацијата „Probistip summer festival 2018" се приход на општина Пробиштип и истите ќе бидат искористени строго наменски за подмирување на дел од трошоците кои ќе настанат на фестивалот.

Член 6

Оваа одлука стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-657/10
12.07.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 23 став 3 од Закон за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 53/2016 и 71/2016) а во врска одржување на манифестацијата „Probistip summer festival 2018" на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип , Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 12.07.2018 година да ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Пробиштип за време на одржување на Манифестацијата „Probistip summer festival 2018"**

Член 1

Со оваа Одлука се продолжува работното време на сите угостителски објекти кои ќе учествуваат на манифестацијата „Probistip summer festival 2018" - Пробиштип во деновите 27 и 28 јули 2018 година (петок и сабота) за најмногу 2 (два) часа од утврденото работно време согласно Законот за угостителска дејност.

Член 2

Одлуката стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-657/11
12.07.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.